**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Бр.

Скопје .2018г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

До: Министерство за внатрешни работи на Република Македонија

- Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

Предмет: Информација за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на правните лица „ “ и „ “

Почитувани,

Врз основа на надлежноста утврдена во член 18 став 1 алинеја 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Ве информираме за постоење на сомневање дека од страна на правните лица „ и „ “ е сторена повреда на авторските права и сродните права.

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 29.03.2018 година, пристигна претставка (наш бр.03-5/ – Прилог бр.1) од граѓанин, со која ја информира Агенцијата дека „ и *насилно преку нотарски платен налог сакаат да наплатат услуги за сателитски канали кои ниту сум ги користел, ниту имам намера да ги користам и да наплатат за купување на нивна опрема за дигитализација на сателитски канали која тие би ја користеле, и од неа понатаму би заработувале*“.

Во прилог на претставката се доставени: Известување од претставник на куќен совет за понудата на за реемитување на сателитски канали; Три фактури од каде во опис на услугата меѓудругото стои и услугата „ “; Одговор на Приговор од доверителот испратен до Основен суд Скопје 2 Скопје; Известување од за членарина наменета за Дигитализација на АДС и договор за членарина склучен помеѓу и Сопственици.

Имено во согласност со член 141 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14, бр.132/14, бр.142/16 и бр.132/17), операторот на јавна електронска комуникациска мрежа пред да започне со реемитување на програмски сервиси во Агенцијата доставува пријава за негово евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и регистрација на програмските сервиси кои ќе ги реемитува како целина во вид на програмски пакет. Во овој момент во Агенцијата се евидентирани вкупно 38 оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, кои можат да вршат дејност – реемитување на програмски сервиси до крајни корисници, но ниту едно од погоре наведените правни лица не се евидентирани во регистарот.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Со оглед на тоа што поголемиот дел од програмските сервиси наведени во „*Известувањето за понуда за реемитување на сателитски програмски канали*" не се сервиси кои преку сателит се примаат слободно, постои сомневање дека правата за реемитување не се регулирани. Од тие причини Ви ги доставуваме погоре наведените документи за Ваше натамошно постапување.

Доколку имате потреба од дополнителни информации поврзани со овој предмет, Агенцијата Ви стои на располагање.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Прилог (1):

1. Претставка од граѓанин (наш бр.03-5 од 29.03.2018 година).